# ЕДНА ГОДИНА ГРАДОНАЧАЛНИК



# ОТЧЕТ

*Кавадарци на прво место!*

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ



**Почитувани граѓани,**

Помина една година откако ја извршувам функцијата Градоначалник на Општина Кавадарци. Оваа изминатa година не беше ни малку лесна. Поминав низ голем предизвик и заедно со службите напорно работевме за да го измениме ликот на Кавадарци во подобро. Предизвикот да станам Градоначалник и да се соочувам со големите обврски и задолженија беше силен од самиот почеток. Но таа силна желба за соочување со овој предизвик продолжи да трае се до денес и ќе трае и наредните години затоа што од самиот почеток започнавме со едно мото кое и понатаму ќе ни биде водилка а тоа е “Кавадарци на прво место“.

На почетокот не беше лесно, но кога се работи со тим кој сака да работи и секојдневно да учи нови работи, лесно е. Со службите создадовме еден интерен систем за работа кој засега се покажа како успешен и се надевам дека во иднина ќе постигнуваме уште поголеми резултати.

Во периодот од формирањето на Советот на Општината -14.11.2018 година до денес Советот на Општина Кавадарци има одржано 17 редовни седници и 6 вонредни седници на Совет .

Усвоени се:

- Извештаите и Програмите за работа на сите основни и средни училишта во градот,
- Извештаите и Програмите на сите јавни институции во Општина Кавадарци;
- Извештаите и Програмите на сите Јавни Претпријатија чиј основач е Општина Кавадарци;

-Донесени се 20 Програми за редовното работење на Секторите во Општина Кавадарци;

Донесени се  359 Одлуки .

Општина Кавадарци во текот на оваа година беше домаќин на неколку културни манифестации кои го вратија сјајот на старото Кавадарци кое е познато по гостопримливиот народ и топлата насмевка. Празникот св.Трифун, нашиот заштитник, го прославивме онака како што доликува за нашата општина, со закројување кое е појдовната точка за квалитетен и богат род и со многу гости.  Тиквешкиот Гроздобер оваа година, без ни малку скромност, го достигна најдоброто издание до сега. Со рекорден број на посетители и задоволни домаќини. За овие манифестации од буџетот на Општина Кавадарци беа издвоени 6 700 000 денари. Се надевам дека со добра организација и во годината што следува ќе имаме уште поуспешни манифестации.

Кавадарци има успешно спортско минато, а ние се стремиме кон тоа нашата спортска иднина да биде богата со успеси и Кавадарци повторно да стане спортски град. Во оваа измината година над 11 000 000 денари се реализирани за спортски клубови, општински и училишни сојузи, за манифестации и проекти. Во оваа измината година се изгради и целосно нова спотска сала во ООУ Тоде Хаџи – Тефов, се надевам дека во доследно време Општина Кавадарци ќе нема училиште кое нема спортска сала.

Условите во основните и средните училишта значително се подобрија. Нашите деца заслужуваат најдобри услови во образованието. Големиот број награди и признанија кои ги добиваат кавадаречките ученици за нас е само дополнителен мотив за да вложуваме во нивното образование. Пуштивме во употреба нова детска градинка “Буба Мара“ со капацитет за сместување на околу 80 деца. Во моментот започна доградбата и на нови простории како и предвидена нова градинка во 2019 година на ул.Ресавска. Вложуваме напори во 2019 година целосно да се реши проблемот со капацитетот за сместување на децата во градинките.

Согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, во Општина Кавадарци во изминатата година земени се во работа 5284 предмети за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти. Донесени се 2764 позитивни решенија, 2015 негативни решенија со кои беше одбиено барањето за утврдување на правен статус поради некомплетна документација и 505 предмети кои се уште се во постапка за утврдување на правен статус.

Во текот на изминатата година асфалтирани се улици со вкупна површина од околу 19 000 метри квадратни, а поплочени со улици и тротоари со вкупна површина од околу 12 000 метри квадратни. Комуналната изградба со силен интензитет ќе продолжи и во 2019 година.

**Почитувани читатели,**

Го имате пред себе Отчетот во кој ги собравме најголемите реализирани проекти во изминатата година, проектите кои се реализирани преку проектот “Мој општинар“, инвестициите во образованието, културата и спортот и инвестициите во ЈП Комуналец и нивната работа во изминатата година. Ова се дел од реализираните проекти, и ова е дел од реализираната предизборна програма со која заедно дојдовме до овој успех. Од ветената програма за 4 години досега имаме реализирано околу 60 проценти и реализирани многу проекти кои не беа предвидени во програмата а се од голема важност за жителите на Општина Кавадарци.

Јас, заедно со Советот на Општина Кавадарци, со кој секогаш едногласно ги донесуваме сите позитивни одлуки за нашата општина и службите, ќе работиме напорно и во следната година. Нашата цел е да ја исполниме во целост изборната програма, и да направиме уште многу дополнителни работи за една единствена цел “Кавадарци на прво место“. Заедно со Вас, драги сограѓани сме горди на досегашниот успех, и заедно ќе продолжиме да го менуваме ликот на нашето Кавадарци, да создадеме општина во која младите ќе сакаат да останат , општина во која насмеани ликови ќе градат успеси и општина која ќе служи за пример.

**Со почит,**
**Градоначалник**
**М-р Митко Јанчев**

# Поголеми реализирани проекти

**Реконструкција Северен Булевар**

Проектот Унапредување на патна инфраструктура во регионот Росоман, Кавадарци, Неготино преку реконструкција на дел од Северен Булевар во Општина Кавадарци, се реализира во соработка со Вардарски плански регион.

Финансиските средства во висина од 8 526 963 денари се доделени од страна на Бирото за регионален развој, додека општината учествува со кофинансирање од 3 353 025 денари за реализација на активностите.

**Нов кружен тек кај зградите Белка**

Осветлување – 178 522 денари
Асфалтирање – 10 803 484 денари
Сообраќајна сигнализација – 221 371 денари

**Нови семафори на ул.Никола Минчев -** 2 000 000 денари

**Реконструкција на Западен Булевар**

Овој проект се реализира во соработка со ЈП за државни патишта. Реконструкцијата опфаќа и проширување на 16 метри ширина на патот и изградба на тротоари со што се зголемува безбедноста на пешаците во овој дел од градот. Инвестицијата е поделена, односно Општина Кавадарци учествува со 20 000 000 денари и ЈПДП исто со 20 000 000 денари.

**Нов мост во с.Ваташа**

Јавното претпријатие за државни патишта, а по иницијатива на Општина Кавадарци гради нов мост на реката Луда Мара во с. Ваташа. Вредноста на инвестицијата е 480 илјади евра, обезбедени од буџетот на ЈП за државни патишта. Новиот мост се очекува да биде готов до февруари 2019 година.

**Нова спортска сала во ООУ Тоде Хаџи Тефов**

По долги години ООУ Тоде Хаџи Тефов доби целосно нова спортска сала. Учениците од ова училиште сега ги имаат сите неопходни услови за изведување на наставата по физичко образование. Овој проект е во вредност од 18 450 000 денари.

**Реконструкција на зградата на Противпожарната единица во тек е изградба на нови гаражи**

Целосно е реконструирана внатрешноста на зградата како и надворешната фасада во вредност од 2 470 000 денари. Ова беше прва реконструкција по долги години со што се овозможија подобри услови за пожарникарите. Во тек е и изградба на современи гаражи со подобри услови во вредност од 4 302 000 денари.

**Реконструкција на спортскиот терен на СЦ Јасмин**
Теренот на СЦ  Јасмин доби нов лик. Извршено е асфалтирање на патеката, оградување на комплексот и целосно ново осветлување. Овој проект изнесување 2 867 117 денари.

---

**Реконструкција на Градскиот плоштад**
Постоечките фонтана и амфитеатар како дел од плоштадот кој не функционира со намената за која е предвиден се отстранува и се заменува со еден мини парк кој има голем процент на зеленило и клупи за одмор и социјализација на граѓаните. Мини паркот се наоѓа на иста висинска кота со плоштадот и до него се пристапува од северната и јужната страна. Делот за движење би бил бетониран и декориран со ленти од кулир пласт, а останатиот дел би бил исполнет со трева, цвеќе и дрва.
Останатиот дел од плоштадот се збогатува со зеленило со што се користи постојната шема на поплочување. Дел од поплочените краци кои не го попречуваат движењето и пристапот до важните точки на плоштадот се заменуваат со трева во кои се предвидува да се засади ниско зеленило-трева и високо - дрва од типот јавор со зелен лист кои би биле оградени со ниски рабници.  Овие нови зелени краци заедно со постојното средно зеленило би го опкружиле слободниот простор за собир на поголема маса на луѓе при одржување на манифестации како Тиквешки гроздобер, Св. Трифун, Нова Година и слично. За дополнително освежување на просторот пред општинската зграда се предвидува поставување на бетонски жардинерии врз двете постоечки фонтани во кои би се засадило ползечко цвеќе. Бетонските делови на жардинериите би се подготвиле претходно, а на лице место само се поврзуваат со бетон. За овој проект ќе се потрошат вкупно 3 250 000 денари.

---

Општина Кавадарцуи доби **Туристичко – информативно биро**
Бирото е наменето за информирање на гостите туристи како и привлекување на поголем број на туристи во Општина Кавадарци. Бирото успешно функционира и развива систем за туризам и ја подобрува достапноста на информациите до самите туристи. Кавадарци има потенцијал кој вреди да се искористи.

---

Општина Кавадарци преку проектот  **“Подобро менаџирање на заштитени зони”** финансиран од  УНДП спроведен во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, планира да го унапреди подрачјето на Тиквешкото езеро. Со овој проект ќе се промовира поодржливо користење на природните ресурси и ќе се развијат форми на управување, и истиот да се стави во фукнција на развој на туризмот) вкупната сума на овој проект изнесува 100 000 долари.

---

Изградба на дел од главен колектор за отпадни води на град Кавадарци до прочестителна станица. Финансиските средства во износ од 2.000.000 денари ќе се обезбедат од Министерство за Животна Средина и просторно планирање, а Општина Кавадарци ќе обезбеди дополнителни средства за кофинансирање на овој проект во висина од 1.699.654.
Проектот опфаќа изградба на дел од главниот колекторски систем на општина Кавадарци во должина од 300 метри. Истиот е планиран да се заврши до крајот на 2018 година.

---

Општина Кавадарци во 2018 година започна со реализација на проектот РеЛоад, финансиски подржан од европскатаунија а имплементиран од страна на УНДП. Општина кавадарци е избрана како пилот општина за периодот 2018-2019 година, за што се предвидени финансиски средства со максимален износ од 120 000 долари, при што Општина Кавадарци ќе учествува со 20% од вкупно одобрениот буџет од страна на УНДП.
На јавниот повик за 2018 година се одобрени два проекта, а се предвидени уште два јавни повици во текот на 2018 и 2019 година..

---

## ИСО СТАНДАРДИЗАЦИЈА

Целта на овој проект е имплементација на стандард за систем за управување со квалитет согласно меѓународните барања, а која ќе воведе нови стандарди во начинот на работа и во пристапот кон граѓаните. Одговорна општинска администрација подразбира систем на организација на работни задачи, одговорности и систем на контрола, која беспрекорно ќе ја реализира улогата на сервис на граѓаните. Имплементацијата на ИСО стандардите ке се реализира со средства од општинскиот буџет.
Имплементацијата на првата фаза од ИСО стандардите е реализирана во 2018 година со средства од буџетот на општината во висина од 300 000 денари, додека за имплементацијата на втората фаза ќе се предвидат финансиски средства во буџетот за 2019 година во висина од 200 000 денари.

---

Во соработка со бизнис секторот во Општина Кавадарци, во текот на 2018 се изврши фарбање и крпење на фасади на објекти-згради за колективно домување во централнното градско подрачје. Објектите на ул. Илинденска и 7 септември од страна на совет на Општина Кавадарци беа прогласени како објекти од значење на општината и поради таа причина општината врши фарбање и крпење на нивните фасади. Завршени се 3 згради за колективно домување и се продолжува со останатите чии фасади се во лоша состојба.
За оваа намена општина има предвидено средства во висина од 2.500.000 денари.

Во 2018 година Општина Кавадарци спроведе 2 јавни повика за субвенционирање на граѓаните при купување на енергетско ефикасни грејни тела во правец на заштита на животната средина и здравјето на луѓето. Во двата повици заинтересираните граѓани беа субвенционирани со 50% од вредноста на купеното грејно тело или максимум до сума од 15.000 денари.

Во првиот јавен повик се субвенционираа 63 баратели со вкупен буџет од 1.000.000 денари, додека од вториот јавен повик субвенционирани ќе бидат 137 баратели со буџет од 2.000.000 денари.

---

Општина Кавадарци субвенционираше купување на велосипеди се со цел да се намали загадувањето во Општина Кавадарци.

За оваа цел беа наменети 1 000 000 денари.












# РЕОН 1

## Дел од реализирани проекти



Поради безбедноста на движењето на пешаците во сообраќајот и регулирање на непрописното паркирање поставени се околу **50 метални столбови** на неколку пешачки патеки и тротоари.



**Поплочување на тротоари на неколку локации.**

- **Булевар Моша Пијаде** со површина од 700 метри квадратни.
- Нов тротоар на **ул.Никола Минчев** со површина од 160 метри квадратни.



**Исчистени се диви депонии на неколку локации со вкупна површина од над 3 хектари.**

- ***Бул.Македонија*** спој со ***ул.Блажо Алексов***
- ***Северен Булевар*** и ***ул.Никола Минчев***

Пробивање и асфалтирање на крак на **ул.Орце Николов** со должина од 180 метри.Поплочување на крак на **ул.Ѓорѓе Соколов** со површина од 750 метри квадратни.

Во овој реон поставена е водоводна мрежа во должина од ***60 метри.*** Канализациона мрежа на **ул.Орце Николов** во должина од 180 метри.

Отстранети се над 150 бесправно поставени лимени гаражи на **ул.Орце Николов, ул.Кочо Рацин и ул.Ѓорѓи Соколов.** Во последна фаза на подготовка е платото за поставување на лимени гаражи на **Северен Булевар** со површина од 9000 метри квадратни.

Хортикултурно уредување позади **зградите Лепотици**, уредување на патеките со павер елементи и поставување на **урбана опрема**.



Асфалтирање на паркинг на **ул.Кочо Рацин** со површина од 570 метри квадратни, како и хортикултурно уредување на просторот и поставување на **урбана опрема и спортски терен за кошарка** во вредност од 522 074 денари.



Ново детско игралиште на **ул.Ѓорѓи Соколов** на површина од 150 метри квадратни во склоп на тениското игралиште.



Поставување на жардинерии помеѓу двете коловозни ленти на **Булевар Моша Пијаде** во вредност од 850 000 денари.






# РЕОН 2

## Дел од реализирани проекти



**Асфалтирање на улици:**

**- Ул.Цар Самоил** површина 600 метри квадратни.
- **Ул.4 ти Јули** површина 856 метри квадратни.



Поплочување на тротоар
- **Западен Булевар** со површина од 856 метри квадратни.
- Поплочување на пешачка патека на **Бул. Моша Пијаде** со површина од 400 метри квадратни.
- Поплочување на пешачка патека на **ул.Илинденска** со површина од 100 метри квадратни.



Во тек е целосна реконструкција на паркот **“Солунска глава“** со обнова на фонтаната, зелената површина, комплетно осветлување, систем за наводнување и нови детски реквизити.

Нова атмосферска и фекална канализација
- **Западен булевар** со должина од 1400 метри.
- **Ул.4 ти Јули** со должина од 80 метри
- Водовод на **ул.Егејска** со должина од 50 метри.

Поставени се над 250 метални столбови на **ул.Гоце Делчев**, **ул.Љубашка** и **ул.Пано Мударов** и реконструирани се сите сообраќајни знаци.




# РЕОН 3

## Дел од реализирани проекти



**Поплочување на тротоари**

- **Ул.Партизанска** и **ул.Лазо Мицев** на површина од 480 метри квадратни.
- Дел од тротоарот на **ул.Блажо Алексов** со површина од околу 450 метри квадратни.
- Дел од тротоарот на **ул.Божо Димов** со површина од 220 метри квадратни.



Уредување на **парк Полана** со **детски реквизити** и **реквизити за спортска рекреација.**



Поставени се околу 170 метални столбови на **ул.Цано Поп-Ристов**, **ул. Партизанска** и **ул.Лазо Мицев Рале.**

**Поплочување на улици**

- **Ул.Лазо Калешков** со површина од 150 метри квадратни.
- **Ул.Охридска** со површина од 70 метри квадратни.




# РЕОН 4

## Дел од реализирани проекти





**Асфалтирање на улици**

- **Ул.Владимир Назор** - површина од 950 метри квадратни.
- **Ул.Рајко Жинзифов** - површина од 1500 метри квадратни.
- **Ул.Дисанска** - површина од 500 метри квадратни.
- **Ул.Домовица** - површина од 550 метри квадратни.
- **Ул.Шишка** - површина од 1440 метри квадратни.

Поплочување на крак од **ул.Дисанска** на површина од 550 метри квадратни.



Поплочување на тротоари
- Ул.Димката Ангелов Габерот - површина од 450 метри квадратни .
- Ул.Рајко Жинзифов - површина од 400 метри квадратни.



Поради безбедноста на пешаците во овој дел од градот поставен е пешачки мост на ул.Шишка со вредност од 700 000 денари.



Партерно уредување, озеленување и нова фонтана на триаголникот на ул.Вардарска и ул.Доне попов






# РЕОН 5

Дел од реализирани проекти



Поплочување на тротоар и проширување на паркинг на **ул.Бел камен** на површина од 190 метри квадратни.



**Реконструкција на дел од тротоарот во центарот на градот кај јаворот.**

Реконструкција на **ул. Диме Поп-Атанасов** спој со **ул.Пионерска** и прередување на павер елементи на површина од 530 метри квадратни.



Пробивање на **ул.Кукушка** и спојувањена истата со **ул.Мито Хаџи – Василев Јасмин**.

Атмосферска канализациона мрежа на **ул.Пионерска** од спојот со **ул.Ресавска** до ООУ “Тоде Хаџи–Тефов“ со должина од 265 метри.

Чистење на диви депонии на **ул.Ресавска** и **Западен булевар** со површина од 5000 метри квадратни.




# РЕОН 6

Дел од реализирани проекти



**Монтиран првиот подземен контејнер во Општина Кавадарци**



**Реконструкција на мостот "Слога"**

- Нова ограда, осветлување и пешачки патеки во вредност од 700 000 денари

Асфалтирање на дел од **ул.Браќа Џунови** со површина од 700 метри квадратни.
Реконструкција на тротоарот на **ул. Тиквешко востание.**
Поставување на метални столбови на неколку локации, вкупно 47 столбови.



**Доуредување на Паркот на револуцијата**

- Обнова на бојата на клупите и корпите за отпадоци
- Поставени нови клупи и корпи за отпадоци
- Реконструкција на осветлувањето
- Нови детски реквизити

**Реконструкција на тротоар на ул. Браќа Џунови со површина од 300 метри квадратни**

Низ целиот реон се изврши **санирање на ударни дупки** со вкупна површина од 164 метри квадратни.

Исчистени се **диви депонии** на вкупна површина од 390 метри квадратни.




# РЕОН 7

Дел од реализирани проекти



**Асфалтирање на улици**

- Асфалтирање на крак од **ул. Брушанска** со површина од 910 метри квадратни.
- **Ул.Струшка** со површина од 1340 метри квадратни.
- Асфалтирање на крак од **ул. 7 ми Септември** со површина од 550 метри квадратни.
- Пробивање и асфалтирање на **ул.Лазо Асијата** со површина од 600 метри квадратни.
- **Ул.Методија Џунов Џикот** со површина од 2340 метри квадратни.



Поплочување на тротоари

- **Ул.Киро Крстев** со површина од 330 метри квадратни.
- **Ул.Методи Џунов Џикот** со површина од 130 метри квадратни.

**Поплочување на улици**

- Прередување на павер елементи на **ул.Клинска** со површина од 330 метри квадратни.
- Поплочување на крак од **ул.12 Другари** со површина од 200 метри квадратни.
- **Ул.12 Другари** со површина од 280 метри квадратни.
- **Ул.12 Другари** спој со **ул. Методи Џунов Џикот** со површина од 1200 метри квадратни.

Се реализира третата фаза од изградбата на кејот на реката **Луда Мара** и довршување на кејот до **Брушанскиот мост** во вредност од 15 000 000 денари.



Ново осветлување на спомен **Костурницата** во вредност од 100 000 денари.



Чистење на диви депонии на **ул.Методиј Џунов Џикот** и **ул.Калница** со вкупна површина од 795 метри квадратни.



Водоводна линија на **ул.Клинска** и **ул.Киро Крстев** со површина од 190 метри.

Канализација на **ул.Брушанска** со должина од 110 метри.

Озеленување на кејот на реката **Луда Мара** од мостот Слога до Таска со вкупна површина од 1300 метри квадратни.




# РЕОН 8

Дел од реализирани проекти



**Асфалтирање на улици**

- **Ул.Ѓоре Брушански** со површина од 430 метри квадратни.
- **Ул.Јован Планински** со површина од 300 метри квадратни
- **Ул.Галишка** со површина од 300 метри квадратни.
- **Ул.Јане Сандански** со површина од 450 метри квадратни.
- **Ул.Црноречка** со површина од 1277 метри квадратни.
- **Ул.Тоде Мајсторчев** со површина од 685 метри квадратни.
- Тампонирање на крак на **ул.Галишка** со површина од 40 метри квадратни.
- Поплочување на **ул.Кузман Ј.Питу** со површина од 250 метри квадратни.

Поставување на нови канализациони мрежи на **ул.Ѓоре Брушански** и **ул.Галишка**

**Реконструирани се сите сообраќајни знаци**

**Чистење на диви депонии на локациите:**

- Кавадаречки дол
- ул.Ѓоре Брушански
- ул.Ресавска.



Чистење на диви депонии на **ул.Методиј Џунов Џикот** и **ул.Калница** со вкупна површина од 795 метри квадратни.



**Поставување на метални столбови**

Поставени се околу 100 метални столбови на **ул. Народен фронт**, **ул. Страшо Пинџур** и **ул.Ѓоре Брушански**.

**Санирани се ударните дупки и прокопи.**

**Поплочување на тротоари**

- **Ул. Ѓоре Брушански** со површина од 120 метри квадратни
- **Ул.Народен фронт** со површина од 1095 метри квадратни.
- **Ул.Задругарска**




# РЕОН 9

## Дел од реализирани проекти



**Асфалтирање на улици**
- Дел од **ул.Праведничка** со површина од 350 метри квадратни.
- **Ул.Народни Херои** со површина од 810 метри квадратни.
- **Ул.Браќа Џунови** спој со **ул.Преспа** со површина од 700 метри квадратни.
- **Ул.Ѓоре Брушански** со површина од 430 метри квадратни.



Тротоар на **ул.Ѓоре Брушански** со вкупна површина од 370 метри квадратни.

Пешачка патека кај **Желков дол** со вкупна површина од

Потпорен ѕид на **ул.Страшо Пинџур** реализација до крајот на 2018 година.

Изградба на канализациони мрежи на **ул. Јованче Велков** со должина од 70 метри. Изградба на канализациона мрежа на **ул.Ѓоре Брушански** со должина од 70 метри.



**Во овој реон исчистени се диви депонии на неколку локации и извршено е хортикултурно уредување.**

Изградба на водоводна мрежа на **ул.Јованче Велков** со должина од 100 метри.

Санирање на ударни дупки низ целиот реон со вкупна површина од 408 метри квадратни.




# РЕОН 10

Дел од реализирани проекти



**Поплочување на улици**

- **Ул.Боро Ваташаки** со површина од 280 метри квадратни.
- Поплочување на дел од **ул.12 Другари** со површина од 160 метри квадратни.
- Поплочување на левиот крак на **ул.Ристо Џондев** со површина од 229 метри квадратни.
- Поплочување на дел од **ул.12 Другари** до фудбалското игралиште со површина од 200 метри квадратни.
- Изградба и спој на **ул.Желковец** со **ул.Фуштани** со површина од 605 метри квадратни.
- Поплочување на дел од патот кон **манастирот Св.Никола**
- Поплочување во тек на **ул.Данко Дафков**

**Нова водоводна линија на ул.Данко Дафков со должина од 240 метри.**

**Целосна внатрешна реконструкција на спомен домот “12 Другари“**

- Нова водоводна мрежа
- Нова електрична инсталација
- Комплетно опремени 4 тоалети
- Опремена кино салата



**Целосна обнова на просторот околу зградите Силекс,изработка, орање, фризирање и посејување на трева.**



**Целосна обнова на просторот околу споменикот “12 другари“.**

-Орање, фризирање и хортикултурно уредување во вредност од 116 000 денари и реконструкција на тоалети во вредност од 226 989 денари.



# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ
## Во селата во Општина Кавадарци

### С. ДРЕНОВО

- Поплочување на улици во с.Дреново со површина од околу 600 м2 во износ од 850.000 денари
- Чистење на амбуланта во с.Дреново
- Чистење на депонија во влезот на селото
- Кастрење на патот до с.Дреново
- Чистење околу црквата во с.Дреново
- Воведување на матичен лекар 2 пати во неделата

### С. ВОЗАРЦИ



- Поставување на урбана опрема на површина од околу 111 м2 каде беа поставени детски играчки и урбана опрема
- Поплочување на улици во с.Возарци со површина од околу 360 метри квадратни.
- Воведување на матичен лекар 2 пати во неделата

### С. МАРЕНА



- Поплочување на ул Партизанска 156м2
- Поплочување на улица Маршал Тито 266м2 плус 60м2
- Асвалтирање на ул Гоце Делцев 638м2
- Тампонирање на ситеземјени патишта во Марена површина од 2150м2

### С. ФАРИШ

- Тампонирање на патот до с. Фариш. Дел од механизацијата е на ЈП Комуналец а дел е отстапена од фирмата ЈА-МИ како донација.
- Општина Кавадарци во соработка со ЈЗУ Здравствен дом - Кавадарци и ПЗУ “Виталиа - Медикус“ Кавадарци, донесоа нов план на работа на амбулантите во с.Дреново, с.Возарци и с.Сопот.



## С.СОПОТ

- Поплочување на улица Маршал Тито 500м2
- Партерно уредување на месноста викана Џамијата
- Поплочување на крак од улица Илинднска 250м2
- Поплочување на тротоар во с Сопот 270м2

## НАСЕЛБА ГЛИШИЌ

- Поплочување на крак од улица 27 ми Март 100м2

## С. ЧЕМЕРСКО

- Поплочување на пристапна улица во с Чемерско со бекатон коцки со површина од 250м2

## С.РЕСАВА

- Поплочување на улица во с Ресава со површина од 160м2

## С. БЕГНИШТЕ

- Поплочена улица во село Бегниште со површина од 160м2

Асвалтирање на регионален пат **Кавадарци - Мушов гроб** со површина од 240м2.

## С. РАЕЦ

- Поплочување на улици

# ЈП Комуналец
# Механизација

Набавка на нови возила и машини во изминатата година со вкупна вредност од 30 000 000 денари.

Трактор
Тракторска приколица
Машина за бележење на асвалт
Мобилни машини за градежна група
Метларки - донација (3бр)
Ровокопач Голем скип со приклучен уред: виброплоча и гребење асвалт
Автоцистерна
Товарно возило кипер 4м3 со прод. кабина
Товарно возило кипер 8м3
Ровокопач Мал скип
Теренско возило Dachia Duster (2бр.)
Ниско носечка платформа







**Водовод и канализација:**

Реконструкции и санации на застарени водоводни линии на водоводната мрежа на улиците :

- ул.Праведничка
- ул.Орце Николов
- ул.Дисанска
- ул.7ми Септември
- ул.Клинска
- ул.Егејска
- ул.Праведничка
- ул.Данко Дафков
- ул.Галишка
- ул.Киро Крстев
- ул.Боро Ваташки (црква Ваташа)

**Вкупно должина = 1.290 м**

Приклучување на корисниците од **Западен Булевар** на нова водоводна линија.
Приклучоци на **ул.Доне Попов.**

Реконструкција и санација на канализациони линии на следните локации:

- Дислокација на атмосферска канализација на ул.Блажо Алексов Л=40 м
- ул.Ѓоре Брушански Л=70 м
- ул.Праведничка Л=100 м
- ул.4-ти Јули Л=80 м
- ул.Орце Николов Л=80 м
- ул.Орце Николов Л=100 м
- Премостување преку на главен градски колектор Л=60 м
- ул.Брушанска Л=110 м
- ул.Вардарска Л=30 м
- ул.Праведничка Л=340м
- Западен Булевар фекална канализација Л=300 м
- Западен Булевар атмосферска канализација Л=1100 м

**Вкупно должина = 2.410 м**

- Санација на каскадни шахти на **ул.Домовица**
- Исчистени се сите таложници во **с.Ваташа**

Исто така се изврши санирање и поставување на нови сливни решетки на следните локации:

- 3 нови решетки на Калница
- Санација на решетка на ул.Илинденска
- 1 нова решетка на ул.Индустриска
- 1 нова решетка на ул.Методи Ц.Цикот

Извршена е обнова на уличните капаци на водоводни и канализациони шахти бр.30

**Комунална хигиена**
**Направено е вонредно чистење на диви депонии на следните локации:**

- Кеј на реката во Ваташа
- Страшо Пинџур (Карамбол и Слога) и ул.Клинска
- ул.Калница, пат депонија Мелци,
- ул.Блажо Алексов, ул.Ѓорѓи Соколов, с.Ваташа и ул.Ќиро Спанџов
- Коњски дупки
- ул.Ресавска и Смилица
- ул.Вишешница и ул.Западен Булевар ( нас.Бел Камен)
- Цвеќара и тениско игралиште на ул.Ѓорѓи Соколов

Инвестирано во тревни и цветни површини и нивно наводнување

Обновени тревни површини кеј Луда Мара (спој од Струшка до Слога) со водоводни линии за систем капка по капка

Беше направена комплетно нова реконструкција на локација во кругот на Силекс зградите со површина од 5.000 м2

Обновени тревни површини Брана Моклиште со систем за наводнување

Комплетна реконструкција во кругот на зградите позади лепотиците каде е засадено трева со површина од 11.000 м2 со подземни распрскивачи

Комплетна реконструкција во кругот на зградите позади Кочо Рацин каде е засадено трева со површина од 5.000 м2 со подземни распрскивачи

Обновени тревни и цветни површини на градски плоштад

На ул.Вардарска, (триаголник) обработено земјиште и се посадени 12 грмушки.

На ул. Страшо Пинџур (дел Слога) исто така обработено земјиште и се посадени тревни и цветни површини

Бул. Моша Пијаде (тротоар кај градинка) припрема и посејување на тревно семе 800 м2
На Западен булевар (в.в. Тиквеш) п рипрема и посејување на 300 м2 тревно семе.

# ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на програмата за работа на Градоначалникот на Општина Кавадарци Г- дин Митко Јанчев за периодот 2017-2021 година во делот на образование период од една година се реализирани проекти со постигнати значајни резултати во поглед на нејзино остварување. Имено, покрај високиот процент на оствареност на активностите за првата година ( 2017 -2018 ) се реализирани и дополнителни активности кои биле планирани за реализација на подолг врменски период, а имало можност за нивна предвремена реализација . Подобрувањето на материјално техничките услови во средните училишта резултира со зголемен број на запишување ученици во прва година во трите средни училишта. Покрај реализација на капитални инвестиции за нормално функционирање на воспитно образовниот процес со набавка на опрема, нагледни, наставни средства во училиштата кои имаа недостиг, реализирани се и поголеми капиталнииинвестиции во реконструкции и снации. Истите беа потребни за постигнување на општествено корисни цели како и заштеда на финансиски средства во иднина .

**Во основно образование позначајни капитални проекти се реализирани со вкупен износ од 10 916 599,00 денари и тоа во :**

1. ООУ Димката А. Габерот Кавадарци има реализација на активности од 1 352 279,00 денари за набавка на канцелариски мебел, училишни табли и проектори а позначајна исплатлива инвестиција е осветлување со цел за заштеда на електрична енергија кој е со долгорочна исплатливост.

2. ООУ Гоце Делчев Кавадарци има реализација на активности од 1 330 695,00 денари за набавка на канцелариски мебел, училишни табли и проектори, нагледни средства , промена на подови, реконструкција на тоалети, набавка и монтажа на хидраулична вертикална платформа за превоз на лица со хендикеп.

3. ООУ Тоде Х. Тефов Кавадарци има реализација на активности од 3 065 686,00 денари за оградување на спортска сала , , замена на дотрајани врати со ПВЦ , фасада на западна страна од училиштето,набавка на електронски помагала за спортската сала , набавка на училишен инвентар и како поголема инвестиција со износ од 1 967 898,00 е реконструкцијата на спортските терени и асвалтирање на игралиште.

4.ООУ Тошо В. Пепето Кавадарци има реализација на активности од 935 459 денари за реконструкција на тоалети и поплочување на училишниот двор

5.ООУ Димката А. Габерот с. Ваташа  О. Кавадарци има реализација на активности од  1 076 000,00 денари за обнова на тоалети, промена на дотрајани врати на училниците, опремување на библиотека, реконструкција на просторија со опремување за адаптирање во училница реконструција на постоечка заштитна ограда на спортските терени

6. ООУ Страшо Пинџур Кавадарци има реализација на  активности од 439 418,00 денари наменети за изработка на настрешница пред централното училиште , реконструкција на тоалети, поставување на радијатори во ПОУ с. Дреново

7. ООМБУ Лазо М. Рале Кавадарци  со планирани средства во износ од 2. 717 062 ,00 ден ја доврши концертната сала и истата е опремена со опрема неопходна за нејзино функционирање .

**Во средно образование позначајни капитални проекти се реализирани со вкупен износ од 2 421 034,00 денари и тоа во:**

1. СОЗШУ Ѓорче Петров Кавадарци се реализирани вкупен износ на средства од 329 489 денари за реконструкција на прозори, реконструкција на тоалети и внатречни простории, поставување на метална заштитна ограда ,санација на училишен двор опрема за лабораториска и практична настава

2. СОУ Киро С. Брко Кавадарци има реализација на активности со износ од 2 091 545,00 денари  за набавка на училишен инвентар, уредување на двор и реконструкција на училници за овозможување на едносменско работење кое ќе резултира со заштеда на електрична енергија и средства за огревен материјал.



# КУЛТУРА

**Прослава по повод големиот празник св.Трифун**



- Оваа година за овој празник од буџетот на Општина Кавадарци беа издвоени 1 200 000 денари. Организацијата , за разлика од претходните години, беше на едно повисоко ниво.
Голем број на посетители и исполнета програма во текот на целиот ден.
Ова е голем празник за Општина Кавадарци кој заслужува пригодна прослава.

**Тиквешки Гроздобер 2018 година “Приказна под отворено небо“**



- Оваа година Тиквешкиот Гроздобер го достигна своето најдобро издание. Со рекорден број на посетители, над 60 000 посетеност и над 30 настани во текот на сите три дена.
Од спортски настани, културни збиднувања до настап на музички артисти.
Најважно од се, Карневалското дефиле со над 720 учесници.
За оваа манифестација беа потрошени средства во износ од 5 500 000 денари од буџетот на Општина Кавадарци.

## Отварање на спомен соба во чест на Никола Бадев

Спомен собата се наоѓа во Музеј галерија - Кавадарци, во истата се изложени лични предмети на Никола Бадев, фотографии од истиот и останати лични работи.

## Театарска дејност

- Пасивно пушење
- Дедо Мраз во земјата Мјузикалија
- Ромео и Јулија
- Гостување на театарот со „Пасивно пушење“ во Неготино, Пустец
- Албанија и Ковин – Србија.
- Вкупен буџет за оваа дејност изнесува 960 000 денари.

## Ликовна колонија „Кавадарци – Михајлово 2018 година“

## Кавадаречка културна есен

- Во тек е Кавадаречката културна есен која традиционално се одржува повеќе години. Домот на културата како главен организатор ни приредува секојдневни доживувања за различни вкусови.

# СПОРТ

Во периодот од 15.10.2017 година до 15.10.2018 година се реализирани финансиски средства во висина од 9 913 405 денари за спортски клубови, општински и училишни сојузи, за манифестации и проекти.





**СЦ Јасмин**

- Асфалтирање и осветлување
на атлетска патека на СЦ Јасмин
Финансиски средства – 2 523 799 денари.

- Оградување на спортски комплекс Јасмин во вредност од
2 867 117 денари.



Бетонирање на кошаркарско игралиште на **ул.Кочо Рацин**
Финансиски средства – 250 000 денари.



Реконструкција на спортска сала Партизан во вредност од 5 999 238 денари.

Нова спортска сала во ООУ Тоде Хаџи Тефов во износ од 18 450 000 денари.

ДОНАЦИИ

**ДПТУ "КОЖУВЧАНКА" ДООЕЛ Кавадарци**
- 4 броја -Компјутери –лап топ наменети за проектот "Мој Општинар" 100.000,оо ден
- 1 - специјално возило за чистење на патишта – Метларка за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 1.581.679,60 ден
- 1 - специјално возило за чистење на патишта – Метларка за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 1.398.745,50 ден
- Метални столбчиња 217.350,00 ден

**ДПТУ "ЈА-МИ" ДООЕЛ Кавадарци**
- 2 броја - Лап топ наменети за проектот "Мој Општинар" 50.000,оо ден
- Услуга – користење на камиони (кипери, скип), за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 958.400,оо ден
- Услуга – користење на камиони (кипери, скип), за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 590.000,00 ден
- Услуга – користење на камиони (за превоз на тампон), "За чисто и убаво Кавадарци" 674.836,00 ден
- Услуга – користење на камиони (кипери, скип), за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 1.973.560,00 ден

**ДПТУ "ИГМ-ТРЕЈД ИЛИЈА" ДОО Кавадарци**
- 1 - специјално возило за чистење на патишта – Метларка за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 1.757.918,оо ден
- Заштитни челични столбчиња 1.329.270,00 ден
- Заштитни челични столбчиња 1.422.962,00 ден

**ДПТУ "МЕТАЛ АПОСТОЛОВ" ДООЕЛ Кавадарци**
- Униформи наменети за проектот "Мој Општинар" 59.000,оо ден
- 1- Метална врата 90.000,оо ден
- Метални столбчиња 35.000,00 ден
- Подземен контејнер 770 000 ден.
- Канделабри на СЦ Јасмин 370 000 ден
- Пешачки мост во с.Ваташа 120 000 ден.

**ДТУП "ЕКСТРА" ДООЕЛ Кавадарци**
- Униформи наменети за проектот "Мој Општинар" 59.000,оо ден.
- Возило за специјална намена 805.944,00 ден

**ДТГУ "ПАВЕР ТРЕЈД" ДООЕЛ Кавадарци**
- 2 броја -Компјутери –лап топ наменети за проектот "Мој Општинар" 50.000,оо ден

**ЈП "Македонски Шуми" ПО Скопје**
- 4 000 броја садници багрем

**ДПТУ "ГАЛА" ДОО Кавадарци**
- Течно гориво –ЕУРО ДИЗЕЛ, за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 170.000,оо ден

**ДТППУ "СКОПСКО ГРУП" ДООЕЛ Кавадарци**
- 3 броја - ТВ Приемници, за зајакнување на капацитетите на општинската администрација 37.797,оо ден

**ДУПОП "ПАКОМАК" ДОО Скопје**
- 45 садови за собирање на отпад, за заштита на животната средина 844.290,оо ден

**Дрекслермајер Манифактуринг Македонија ДООЕЛ Кавадарци**
- Противпожарна опрема за пожарникари 1.051.674,00 ден

**Метални конструкции "БОШАВА"**
- Метални столбчиња 17.523,00 ден

**ДГТ "ГРАДБА ПРОМЕТ" ДОО Кавадарци**
- 4 броја Комјпутери –лап топ и таблети наменети за проектот "Мој Општинар" 50.000,oo ден
- Тампон 880.221,00 ден

**ДТТУ "Црна Река Петрол" ДООЕЛ Кавадарци**
- 6 броја –Таблети наменети за проектот "Мој Општинар" 62.280,oo ден
- Течно гориво – ЕУРО ДИЗЕЛ 250.000,00 ден

**ДУТП "ВЕЛКОМ ТРЕЈД" ДООЕЛ Кавадарци**
- Униформи наменети за проектот "Мој Општинар" 47.200,oo ден

**ДПТУ "БАС ТУТИ ФРУТИ" ДООЕЛ Скопје**
- 1- ТВ приемник наменет за Кабинетот и општинската администрација 31.000,oo ден
- Патничко возило –Мерцедес – специјално 413.004,00 ден

**ТДТПГУЗ "ЕЦОТИП" ДОО Скопје**
- 33- прочистувачи на воздух наменети за Детските градинки 689.700,oo ден

**ДПТУ "ВС-ГД" ДООЕЛ Кавадарци**
- Услуга – користење на камиони (кипери), за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 108.000.oo ден

**ДППУ "ТРАСЕР Станоја" ДООЕЛ Мрежичко**
- Услуга – користење на машина за ископ на земја (скип), за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 63.000,oo ден

**ДТУ "АС МАШИНИ" ДООЕЛ Кавадарци**
-Услуга – користење на камиони (кипери), за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 54.000,oo ден

**ДТТУ "АНЕЛ-МАГ 97" ДООЕЛ Кавадарци**
- Услуга – користење на камиони (кипери, багер), за проектот "За чисто и убаво Кавадарци" 648.000,oo ден

**ПИВАРА Скопје АД**
- Изградба на рекреативни справи 256.594,oo ден

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН I"**
- Стручна литература / Општина Кавадарци на Мобилност
-Електрични колички за лица со хендикеп 520.932,00 ден

**КАВ-КОМЕРЦ Петар ДООЕЛ**
-Моторно возило за потребите на МВР 1.310.160,00 ден

**Општина Кавадарци на МВР**
-Моторно возило за потребите на МВР 1.310.160,00 ден

**ДАН ПЛАСТ ДООЕЛ Кавадарци**
- Надворешна браварија за Информативен центар Кавадарци 268.755,00 ден

**ЛУПОДИ ЛОГИСТИК ЕООД Петрич Бугарија**
-Противпожарникарско возило 1.230.000,00ден

**ДТПУ "24 ИНГ" ДООЕЛ Битола**
- Проект за инфраструктура и основни проекти со ревизија за изградба на турбо кружен тек

**ДГТП "ПЕРКАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ Битола**
-Годишна програма за поставување на времени објекти 60.000,00 ден

**ДПУТ "ДЕСПИНА МЕБЕЛ" ДООЕЛ Кавадарци**
-Изработка на мебел 185.780,00 ден

ДОНАЦИИ

# Планирани проекти за 2019 година

Започнување со експропријација и реализација на Западен Булевар од гробиштата до Желков Дол – Коњски дупки и од новиот кружен тек до ВВ Тиквеш

Изградба на велосипедско – пешачка патека од с.Ваташа до Моклиште

Изградба на кружен тек пред ВВ Тиквеш

Изградба на катна гаража на локацијата на Анот

Комплетно ново осветлување во град Кавадарци со поставување на нова нисконапонска мрежа

Доградба на објекти на две детски градинки и изградба на нова детска градинка на ул.Ресавска

Реконструкција на Зелен Пазар со што би се обезбедиле две подземни нивоа за паркирање и пазар

Доуредување на речно корито Луда Мара до с.Ваташа

Воведување на зонско паркирање

Реконструкција и проширување на патот до Михајлово

Грант за успешност, за реконструкција на ул.Тиквешко востание во вредност од 3 200 000 ден

Потребата за дополнително регулирање на возилата во мирување особено во централното градско подрачје на град Кавадарци е евидентирана и документирана во Основниот сообраќаен проект, што заедно со основањето на Јавното претпријатие „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" ја објаснува потребата од изработка на оваа студија.

Комплетна реконструкција на ул.Шишка со проширување во ранг на булевар од Глишиќ до ул.Видое Смилевски.

Изградба на капела до муслиманските гробишта.

Поставување на видео надзор

Општина Кавадарци подготвува проект за поставување на сообраќајни камери се со цел поголема безбедност во сообраќајот. Камерите ќе бидат поставени на 9 различни локации, а овој проект е во вредност од 3 700 000 денари

Реконструкција на патот до Тиквешко Езеро

Локален пат Страгово – Крњево

Атмосферска канализација и водовод во с.Сопот

Реконструкција на локален пат до с.Дисан

Реконструкција на патот до с.Дреново

Уредување на градските гробишта со паркинг простор

Изградба на нова прочистителна станица за вода за пиење

Пренамена на Винската Куќа во Вински Музеј

Ревитализација на локалитетот Моклиште

Доградба на уште едно ниво на катната гаража над паркот Револуција

Реконструкција на кров на домот во с.Ваташа

Реконструкција на кровот на интернатот во с.Дреново

Реконструкција на кровот на ООУ Димката Ангелов Габерот во Кавадарци

Реконструкција на кровот на ООУ Димката Ангелов Габерот во с.Сопот.

Проект за реконструкција на коловоз на улици и булевари во населено место Кавадарци:

Ул.Цано Поп Ристов, Пано Мударов, Мито Хаџи Василев-Јасмин, 7-ми Септември, Страшо Пинџур, Северен Булевар, Едвард Кардељ, Моша Пијаде и Цветан Димов.

Проектот опфаќа реконструкција на коловоз на следните улици и булевари:
ул. Цано Поп Ристов,
Пано Мударов, Мито Хаџи Василев Јасмин, 7-ми Септември, Страшо Пинџур, Северен Булевар, Едвард Кардељ, Моша Пијаде и Цветан Димов, и истиот ќе се реализира во текот на 2018 и 2019 година.

80.012.728,07 во форма на кредит или домашно долгорочно позајмување преку Министерството за финансии на Р. Македонија.

Една година Градоначалник
Отчет за реализирани проекти
Издавач: Општина Кавадарци - Локална самоуправа
Уредник: Сузана Шалева
Дизајн: Иновaтива Груп
Печати: Генекс ДООЕЛ - Кочани
Насловна фотографија: Тони Јошески
Тираж 1000 примероци
Бесплатен примерок

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ